Foundational Supports

# Општа поддршка

Владите на Австралија работат заедно за да дизајнираат и да дадат дополнителна поддршка во заедницата. Ова е познато како Основна поддршка. Тоа е специфична поддршка која е дополнителна на главните услуги и поддршка до кои се пристапува преку Националната програма за осигурување на лица со попреченост (NDIS).

Овој информативен лист е за **Општа поддршка**.

## Што може да вклучува Општата поддршка?

### Информации и совети

**Пристап до квалитетни информации и совети за попреченост.**

**Информации за поддршката за попреченост достапна** за луѓето и нивните семејства/негуватели и роднини, вклучувајќи помош за наоѓање и поврзување со соодветната поддршка за нивните потреби.

### Градење капацитети

**За поединци:** подобрен пристап до групи за поддршка од истоветни лица, поддршка околу самозастапување, свесност за правата, донесување одлуки, развој на лидерство, градење односи и развој на животни вештини.

**За семејства и негуватели:** поддршка од истоветни лица, групи и работилници за родители, образование и обука, развој на вештини за застапување и свесност за правата, семејно лидерство и развој.

**Заедница:** Градење на способноста на организациите во заедницата (како што се спортски клубови, уметнички групи) и на ниво на целиот сектор или заедница за давање достапни услуги за лица со попреченост. Проектите би се фокусирале на обезбедување совети и ресурси кои поддржуваат правичен пристап до квалитетни и инклузивни услуги во заедницата за лицата со попреченост.

## За кого е Општата поддршка?

Општата поддршка ќе им даде приоритет на потребите за поддршка на лицата со попреченост помлади од 65 години, меѓутоа можно е луѓето постари од 65 години да имаат корист од некои видови Општа поддршка (како што се информациите).

Начинот на кој тие информации и совети ќе се доставуваат како дел од Општата поддршка ќе ги земе предвид различните потреби на заедницата со попреченост, како и потребите на семејствата/негувателите и роднините.

Општата поддршка, исто така, ќе биде прилагодена за да се задоволат потребите на различните заедници. На пример, поддршка за задоволување на потребите на лицата со попреченост од Првата нација и на културно и јазично различните лица со попреченост, како и на LGBTIQA+SB задницата со попреченост. Исто така, може да биде прилагодена за одредени групи на луѓе, како што се лицата со интелектуална попреченост.

## Зошто ни е потребна Општа поддршка?

Општата поддршка може:

- да обезбеди тековни и достапни информации за подобро поврзување на луѓето со соодветната поддршка за нив
- да им овозможи на семејствата и негувателите да ги подржуваат нивните членови на семејството кои имаат попреченост
- да им даде поддршка на поединците да градат и одржуваат друштвени мрежи и врски во заедницата
- да им даде поддршка на поединците да донесуваат одлуки и да се залагаат за нивните потреби
- да се погрижи организациите на заедницата и невладините служби и активности да се опремени да одговорат на потребите на лицата со попреченост.

### Повеќе информации

Ние работиме со луѓето околу тоа што треба да биде вклучено во Општата поддршка и како тоа би можело да функционира.

- За да дознаете повеќе **посетете ја веб-страницата** https://engage.dss.gov.au/foundational-supports/
- Можете исто така да контактирате со **Foundational.Supports@dss.gov.au**.